РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-611/12
09.06 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на чл.77-е и член чл.77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 16 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр.02-677/5 од 18.07.2025 година, член 12 став 2 алинеа 17 и 19 од Статутот на Националната Установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-678/1 од 18.07.2025 година и Предлог на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.04-611/11 од 08.06.2026 година, Директорот на ден 09.06.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати по Јавен оглас бр.03/2026

По Јавен оглас бр. 03/2026 објавен од страна на Националната Установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител, давател на јавни услуги и тоа водич, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 007, во Сектор за стручни работи, Одделение за музејско водење и едукација, се избира кандидат:

1. За работно место водич, со звање на работно место водич, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 007, се избира кандидатот Хасан Асан.

Изборот на кандидатите е извршен врз основа на Предлог на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.04-611/11 од 08.06.2026 година.

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на работно место водич, со звање на работно место водич, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 007 во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, со склучување Договор за вработување, кој ќе се склучи по конечноста на оваа Одлука.

За извршениот избор ќе биде известен избраниот кандидат.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб-страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

Од страна на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје беше објавен Јавен оглас бр. 03/2026 објавен во дневните весници Нова Македонија, Вечер и

Коха на 14.05.2026 година како и на веб страницата на Музејот за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител, давател на јавни услуги и тоа водич, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 007, во Сектор за стручни работи, Одделение за музејско водење и едукација,

Со Решение бр.04-611/8 од 01.06.2026 година беше формирана Комисија за постапка за вработување номинирана од Министерството за култура и туризам со Известување за назначени членови на Комисија за постапка за вработување бр.04-611/7 од 01.06.2026 година.

На ден 02.06.2026 година, Комисијата за постапка за вработување изврши административна селекција на пристигнатите пријави по Јавниот оглас бр.03/2026 како прва фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена административна селекција бр.04-611/9 од 02.06.2026 година.

На ден 08.06.2026 година, Комисијата за постапка за вработување спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју како втора фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена проверка на веродостојност на доказите и интервју бр.04-611/10 од 08.06.2026 година.

На ден 08.06.2026 година, Комисијата за постапка за вработување до Директорот на установата достави Предлог на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.03/2026 бр.04-611/11 од 08.06.2026 година со кој до Директорот му предложи за работно место водич, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 007, да биде избран кандидатот Хасан Асан.

Врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правно дејствие: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.

Доставено до:
- Архива
- Именуваните

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
Директор
Магдалена Манаскова